**Апстракт:** Економската загрозеност кај помалку развиентите подрачја од светот се очекува да резултира во поголема неписменост, особено кај детската популација. Некои развиени земји не го следат ова правило. Парадоксално, тие посветуваат особено внимание на нутриционизмот и диететиката, а сепак бележат изненадувачка неписменост. Сиромашните региони се отворени за нови концепти на здрава исхрана и *здраво образование*, додека ја интегрираат постоечката традиционална исхрана, како и развиените општества што промовираат здраво земјоделство и сточарство. Меѓутоа, сиромашните региони се вообичаено тие во кои милиони деца и возрасни умираат од глад додека писменоста и подршката на образованието се минимални или отсутни. Со искоренување на таквите проблеми се занимаваат и светски корпорации и владини и невладини организации. Оваа анализа консултира и тековни индекси на писменост од поедини европски, африкански и азиски земји како и од САД, бидејќи и богатите и сиромашните земји покажуваат несоодветности кои бараат подобрување. Свеста за здрава исхрана ја согледува меѓузависноста на 1. исхраната и здравата храна со 2. *здравото образование* и литературата поврзана со нутриционизам и диететика.
**Клучни зборови:** индекс на неписменост, глад, интелектуална и материјална исхрана

## Вовед

Во екот на супер мобилна информатичка и техничка револуција, светот произведува и дистрибуира знаења и стока пообемно и побрзо од сите фази во човековиот развој на земјата. Сепак, некои парадокси на нееднаков развој на писменоста во различно развиени средини остануваат да се решаваат како наследство од минатото или како тековните непредвидливи, или погрешно усмерени промени, како најново наметнатата школска исхрана во САД. Актуелна е нарацијата: ако развиените заедно со неразвиените земји се посветат на взаемна позитивна соработка на оваа проблематика и ја интензивираат превенцијата против *воспалителните болести* во загрозените средини, некои состојби и проблеми во светот ќе се решаваат побрзо и поефикасно. За проблемите на сиромаштијата и неписменоста не може да се обвинуваат исклучително ниту богатите земји – дека немаат чувство или солидарност за сиромашните, ниту сиромашните – дека немаат сопствен капацитет или културолошки, општествени, но и политички услови за економски напредок. За потребата од објективни анализи на состојбите се консултирани неколку статистички факти. Последен статистички показател е дека околу 6.3 милиони деца помали од 5 години, годишно умираат од глад, што е еднакво на 17.000 деца починати на ден. Едно од 6 деца во земјите во развој е физички недоразвиено поради ненахранетост. Тие деца не значи дека се помалку сакани од својата емотивно најблиска околина, семејството, фамилијата, но факт е и дека нивното интелектуалното созревање е осудено на криза. Опкружувањето и улогата на фамилијата

од друга страна не можат да бидат заменети со ниедна алтернативна социјална формација, грижа на државниот апарат ниту со лажната *безгрижност* по социјалните мрежи (која често е еднаква на бесчувствителност и изгубеност во виртуелниот свет). Се наметнува прашањето, каков соодност имаат материјалните услови со образовните, кај богатите и кај помалку богатите средини.

**1. Поврзаноста на економијата со неписменоста**

Во некои земји од Африка и Азија, кај детската популација која не посетува основно училиште денес, присутна е и нивната здравствено критична слика, недоволна нахранетост, или глад. Во последната четвртина век, додека развиените земји ги унапредуваат студиите и истражувањата за диететика и нутриционизам, истите го зголемуваат својот увид и во земјите и културите во развој, каде се набљудува користењето на алтернативото со интегративно спојување на здрава храна, здравје, конвенционална медицина и образование. Меѓутоа, истовремено милиони деца умираат од глад, и не се описменуваат и просветуваат. Во овој процес имаат значајна улога организираните и систематизирани податоци и функционалните креирања на содржини наменети за раниот детски развој: 1) изданија на огромен број информативна литература, списанија и книги за здрава исхрана и развој на претшколските деца (на разни јазици) кои ја следат и 2) достапност на храна, и посебно на здрав и органски вид, преку специјализирани производители и продажни линии.

Консумирањето на балансирана исхрана и додатоци на исхрана, бележи и позитивни резултати, иако се почести се показателите и дека повеќето од тие производи не прават значителни разлики (од недостапност за помасовна употреба поради високите цени особено во економски послабите земји, до релативно слаби резултати во делувањето на тие прехранбени производи).

Во овој контекст се наоѓаат и радикалните крајности во рестрикција на исхраната, каков што се покажа и неуспешниот обид на Мишел Обама да ги ослабне дебелите деца но го загрози нивното здравје со недоволно калории и со принудно гладување што се одрази на перформансите и концентрацијата кај учениците.

**2. Некои показатели од МИКС за вклученоста на децата во описменувањето во Македонија.**

Спрема *Мултииндикаторското кластерско истражување* (МИКС) во рамки на меѓународната анкета спроведена во 2011 година во Македонија, во координација со трите министерства: за образование, за труд и социјална политика и за здравство, и во партнерство со УНИЦЕФ, се наоѓаат бројки кои покажуваат забележителен напредок на планот на детското образование во Македонија, паралелно со економскиот развој на земјата. Индикаторите се компаративно повидливи кај одредени етнички групи.

Пристапот за описменување преку основно образование за сиромашните и за ромската популација е подобрен од 86% во 2005 година, на 96% во 2011 година. Тоа придонесува Македонија да постигне речиси целосен пристап на детската популација во основно образование до бројката од 98% во 2011 година, што е подобрување од 12%.

Спрема МИКС, податоците во Македонија за време на периодот на значителен економски развој во последните 10 години, 93% од децата на возраст од 36-59 месеци (од 3 - 5 години) имаат и правилен здравствен развој. Тој процент е повисок и до 96% кај децата од постарата старосна група, со тоа што со зголемување на возраста се усвојуваат повеќе вештини во доменот на учење, физичкиот и социо-емоционалниот развој. Анализата на детскиот развој во Македонија во сите домени покажува дека кај сите деца се регистрира правилен развој од областа на учењето и на физичкиот развој. Од друга страна, се среќава и бројка која го свртува вниманието: многу е помал општиот развој во доменот *писменост и бројки* (literacy and numeracy), 43%. Овие бројки за просечни вредности на ниво на држава се од клучно значење за обезбедување на детските права и нивните потреби, и на идните потреби на општеството.

Шелдон Јет, претставник на УНИЦЕФ, по повод презентирањето на МИКС податоците во Македонија, изјавува: *"Вредноста на податоците од МИКС лежи во согледување и разбирање на нееднаквостите и диспаритетите затскриени зад просечните вредности на ниво на државата. Јасно се гледа од бројките дека инвестициите и интервенциите насочени кон оние што не добиле доволно можности се навистина исплатливи".* Постои и една бројка која е ретко позитивен показател особено во споредба со развиентите земји, а тоа е дека од сите деца во Македонија, 91% имаат правилен развој во социо-емоционалниот домен. Од 2011 година до денес, кога мобилната телефонија и интернетот го зафатија и детскиот свет од претшколска возраст, се очекува дека индикаторите за социо-емоционалниот развој да се менуваат во негативна насока, за што сведочат искуствата и на учителите/воспитувачи и на родителите.

**3. Природна и технолошка интелигенција: судир или интеграција во детскиот развој**

Образованието е другиот домен на делување во кој и развиените и земјите во развој не ги негираат потребите од системски институционални мерки како и индивиуално генерирани креативни и стимулативни методи во *интелектуалниот* нутриционизам. Во тоа секако спаѓа навременото

поставување на темелите на основната писменост, во време на инвазија од технолошки апликации и аудио-визулени *сликовници*, додека иновативната литература за мотивирање на загрозеното рачно практикување за писменоста останува на заден план. Технолошките стапици за детската љубопитност (video games, apps and gadgets) наметнуваат рана зависност, докажувајќи се како лесна и најчесто нездрава замена за користење на здравата конвенционална интелектуална диететика – описменување преку стандардна употреба на книгата, моливот и раката. Истражуваните и емпириските наодите укажуваат на потребата од рамнотежа која би се состоела од

а) интегрирање на конвенционалното описменување на децата, во ново придвижена, помала возрасна граница, од 3 – 6 години, со нагласената потреба од родителска близина, која веќе постанува отсутен фактор за чувство на сигурност и предвидливост во детската свест, и

б) дозирано и селективно вклучување на „неконвенционалните“ технолошки базирани средства за учење, кои би биле само суплементи во незаменливата улога на родителите и нивниот клучен мониторинг врз детскиот развој.

Од секога била очигледна во природата на учењето, што и денес статистички се потврдува: потребата од интегрирање на физичката (прехранбена) и менталната (образовна) диета. Mens sana in corpore sanum. Образовната диета се очекува да се збогатува со содржини, стилови и методи на учење кои ќе бидат на рамниште на сегашниот забрзан детски развој, следен и од зголемените потреби за здрава исхрана, како и од потребите за превентивна заштита на детето од неконтролирана стихија на псеудо образовни-забавни содржини. Оттаму и улогата на одговорно селектирани описменувачки и образовни содржини за најрано знаење, способности и вештини, треба сериозно да биде усогласувана со најновите предизвици.

Податоците од Центарот за образовна документација на UNESCO покажуваат дека повеќе од 72 милиони деца во светот денес, на возраст на основно образование, немаат здрав образовен развој и не одат на училиште, а причините за тоа се поврзуваат и со родителите и нивната неписменост, невработеност или болест, освен со немарноста на радителот за најраните кибернетски адикции на детето.

4. **Најмалку 250 милиони од светската бројка на 650 милиони деца од основното образование, не се оспособени да читаат, пишуваат или сметаат**

Современата миграција која се одвива од азиските и африканските земји во развој односно во кризни воено-политички ситуации, во земји од „западната култура, економија и религија“ – Европа, САД, Канада и Австралија, бележи ендемска експанзија во 2015 година. Со тоа се наметнува и една нова реалност: дека меѓу тие структури на преселници се пробиваат и неписмени но и високо квалификувани имигранти, со традиционални или со современи навики и потреби за исхрана и образование. Тоа значи дека неминовно ќе се менуваат и статистиките за писменост/неписменост или прехранбени потребо во заедниците кои ги дочекуваат. Тоа од страна на новата миграција ќе наметнува и нови барања од различен етнички и религиозен идентитет кој ќе соодветствува на културно-образовните, забавно-рекреативни, и здравствено-нутриционистички потреби на новото население. Расните и религиозните разлики меѓу новите жители и жителите на нивните дестинации, неминовно ќе доведат и до промени во статистиката за досегашните параметри, и проекции за нови и непредвидливи барања за условите на образование, писменост, здравство и т.н., што ќе доведе до додатни услогласувања на легислативите меѓу шеријатското и меѓународното право.

Спрема извештајот на ОН за 2014 година, најмалку 250 милиони деца од светската бројка на 650 милиони деца од основното образование, не се оспособени да читаат, пишуваат или сметаат. Некои земји од Азија и Африка се посебно занимливи показатели за ваквата состојба. И соседот на Авганистан, секуларната демократија на Индија (основана од Џавахарлал Нехру 1947 година), меѓу своето население од 1.2 милијарди има фасцинирачки голем број на учени и научници, но и загрижувачки голем број на неписмени - 40% од возрасната популација. Во однос на женската популација, во Индија секое трето девојче не завршува основно образование. Индија не е сиромашна во домашни ресурси, како што не е ниту Нигерија, но парадоксално Нигерија е најбогата земја во Африка, а сепак се наоѓа меѓу 10-те земји на светот, кои заедно сочинуваат ¾ од неписменото население во светот.

Неписменоста во земјите како Индија и Нигерија значи дека не резултира од слабата економската состојба. Во овие случаи неписменоста посочува и на други фактори, како што е сиромашните родители да бараат социо-емоционалниот развој на детето да се одвива рестриктивно во нивниот тесно заштитуван хабитат, а по цена и на неусвојување на западните стандарди за соодветен развој во учењето заедно со физичкиот/здравствен развој. Слични, иако типични за себе се појавите кај бројни етнички заедници во светот. Своевиден исклучок се и некои етнички/турски заедници во Македонија, со примери меѓу вонредно интелигентните и физички здрави Јуручки деца во регионот на планината Плачковица. Меѓу нив, особено женската популација 95% е спречена да следи натамошно средно или високо образование, вклучувајќи и интегрирање во македонскиот образовен систем преку македонскиот јазик,

покрај државно обезбедениот и гарантиран турски јазик како основен, и покрај англискиот како странски јазик.
Аквизицијата на македонскиот и англискиот јазик во процесот на описменува меѓу децата од Јуручките турски паралелки во с. Парналија и Радање, општина Штип, беше следена и збогатувана и преку две работилници за тројазично образование. Работилниците беа спроведувани во 2013-14 и 2014-15 година во организација на ко-авторот на овој труд, д-р Кукубајска, и во соработка со проф. д-р Марија Леонтиќ, турколог од УГД, Филолошкиот факултет, и со магистерскиот кандидат на УГД ФФ, наставник по англиски јазик во тие паралелки, Билјана Алексова Даневска. Литературата во првата работилница се состоеше од воведни лекции во примена на описменувањето, примена на странските јазици, креативно мислење и анализа на мотивирачки мини-есеи и поезија. Содржините на работилниците ги интегрира традиционалните и современите пораки за здрава фамилија, за ментално и физичко здравје на детето, здрава природа, здрава исхрана, како и за потребата за здрава и посигурна иднина преку образование.
Втората работилница се фокусираше особено на поконкретните позитивни методи на описменување, особено поради користењето на „Букварчето на Емилина“ во сегментот од работилницата посветен на писменост по македонски јазик. Непознавањето на македонскиот јазик беше на крајно изненадувачко ниво, 95% кај децата од 1-5 одделение, и пред се меѓу женските ученици. Објаснувањето кај персоналот во училиштето беше: родители на ученици сметаат дека македонскиот јазик нема да им е потребен, бидејќи нема да бидат изложени ниту на образовни потреби, ниту на промени во избор на сопруг надвор од нивната етничко-верска припадност.
Изведбата на програмата за третата работилница, спонсорирана од НВО ЕМАРИ и од наведените професори на УГД, е закажана во чест на 21 декември, национален ден на етничките малцинства во Македонија. Таа ќе биде посветена токму на писменоста преку инструкции и дебати за здрав психо/физички развој, а во контекст на здрава храна, во што е вклучен вториот дел од букварчето, „Здраво учење - здрава храна“. Оваа литература на македонски јазик, донесува образовни содржини, „состојки“ кои ќе бидат *суплементи* на природната интелигенција и органската исхрана на турските/ јуручки ученици во незагадените планински предели. Спрема првите две тројазични работилници за овие ученици, се очекува и следната да обезбеди додатно акцентирање на учењето и на социјалната компонента во процесот на развој, освен здравата фамилијарна и емотивна компонента и здравата исхрана кај оваа популација која се уште претпочита недоволна инклузивност во својата култура на живеење.
Надвор од наведената целна група, целта на ваквите изданија во основа е
а) подржување на здравата детска личност
б) подготовка на претшколските деца преку сопствениот, и странските јазици, да ги развиваат своите знаења, критички способности и аналитички вештини, а при тоа
в) поефикасно да ги премостуваат растојанијата и разликите помеѓу фамилијата (како „органска врска“) и *екстерниот свет* – училиштето, додека
г) описменувањето (на македонски јазик) ќе се одвива во рурална *природа,* хабитат кој им е познат и преку содржините за здрава исхрана, овошје и зеленчук од учебникот.

## 5. Развиеноста на земјата, агрикултурализмот и *културата на неписменост*

Средината на детското учење со контекстуално познавање на односите меѓу здравје, богатство, сиромаштија и образование постојано се менува низ историјата на културите: од учење во отворена природа, до учење во затворени *кули* и книги со писмени претстави за реалноста, се до дигиталните технологии со виртуелни претстави за актуелниот свет. Во огромен дел од светот, нивата, полето, руралната средина остануваат да доминираат како основни платформи за учење во сиромашните и ретко писмени средини. Од втората светска војна до сега ваквите услови значително се надминати.
Во УНЕСКО статистичката студијата за светската неписменост од средината на 20-ти век, неписменоста кај возрасното население на САД во 1950 година, изнесувала 4-5 %, а во Адендумот на истото издание (стр. 194), во југоисточна Европа неписменото население изнесувало 19-20%, од кои во Бугарија – 24.2, или Италија – 14.4%.
Во споредба со тоа, неписменоста (неспособноста за читање) во САД, за 2014-2015 година, до април 2015, изнесува 32 милиони, односно14% од населението, што е податок од студијата спроведена од Департманот за образование и Националниот институт за писменост. Тоа е алармантна бројка за сеуште супер богата земја на светот. Оваа економски моќна земја исто така покажува и друга парадоксална броја: 21% од возрасното население е способно да чита само на ниво на 5-то одделение, додека дури 19% од средношколците не знаат да читаат. Американската слика не бележи ветено подобрување особено во текот на Обамовата администрација.
За контрастивна анализа се консултирани и некои бројки од Балканот, посебно за писменоста во Бугарија, а спрема извештајот на Бугарската агенција „Новините“ од 27октомври, 2015. Во новата листа на апсурдни податоци во образованиот систем на ЕУ, Европската комисија изнесува податоци дека 41%

од бугарските ученици не се целосно описменети. Бугарскиот центар за демографска политика, (ЦДП) ги има собрано овие податоци за новиот министер за образование, наука и младина, Стефан Воденичаров. Радио Дарик, изразува надеж дека претседателот на ЦДП, Искрен Веселинов, „ќе успее да внесе позитивни промени во таа толку суштинска општествена сфера“ во која податоци од Европската унија покажуваат дека Бугарија има највисока стапка на неписменост во Европа, дека спрема официјалната статистика на ЕК, бугарските студенти не се целосно писмени, односно дека 41% од бугарското население до 16 годишна возраст се неписмен. Бугарија се рангира на 53 место по писменост во светски рамки, во 2012 година, после Киргистан, Тринидад и Тобаго, Туркменистан и Тонга. Следат податоци од бугарското Министерство за труд и социјална политика, спрема кои близу 70% од невработеното население се целосно неписмени, дека бугарскиот јазик на многу студенти во Бугарија им е странски јазик и дека учениците од 1, 2 и 3 одделение зборуваат на друг мајчин јазик и имаат потешкотии во учење бугарски јазик. Спрема статистиката од Министерството за образование, одлични студнети во Бугарија се само 2.8%, во споредба со Франција, 14.5% додека коефициентот на интелигенција на бугарското население драматично опаѓа, рангирајќи се веднаш по Монголија и Казакстан.. Во точките 5 -10 од ЦДП, се констатира дека образованието во Бугарија е комерцијализирано до апсурдно ниво, агенти од комунистичката ера за Државна безбедност (ДБ), постануваат универзитетски ректори и министри, дека постои индустрија на лажни дипломи, дека академските титули се купуваат, дека „Националната агенција за евалуација и акредитација“ отвара бескорисни универзитети, системот произведува бескорисни специјалисти, дека се докажани примери за корупција во алоцирање на јавни средста за научни цели, дека постои принуда за родителите да ги испраќаат своите 4 годишни деца во градинка, а дека Бугарија е најсиромашната и најнеписмена земја членка во ЕУ. Овие неверојатни податоци се можеби дел од парадоксот на несоодветно и долготрајно елиминирање на неписменоста, но за сега, на излагањето на конференцијата за образование и бизнис во Софија, Асен Ангелов, началник на Агенцијата за вработување на Бугарија, не може а да не потврди дека најголем број од невработените во Бугарија се неписмени. Спрема извештајот на *novinite.com*, од вкупно 401.000 невработен во 2014 година, 180.000 имаат најмногу основно образование или се неписмени, што создава сериозни проблеми во вработувањето. Бугарија е земја со долга традиција на образование и култура и земја богата со природни ресурси.

Милиони деца се неписмени, но од и недоволно подготвени, или се послабо заинтересирани, за конвенционално описменување, преку книги. Тоа значи недостаток во основната образовна, културолошка а не само агрикултурна „исхрана“, но тоа укажува и на другиот клучен фактор: недостаток од родителска и фамилијарна близина и грижа во воспитување и описменување на свое создаденото, или усвоено дете, што е чест случај кај децата со разведени родители, препуштени на одгледување од страна на други членови од семејството, а таквите семејства припаѓаат на обоената раса во САД. За надминување на состојбите во сурогат фамилии (foster families), не може директно да се обвинат институциите, но праксата покажува дека во надминување на неписменоста не можат да бидат доволно ефикасни ниту социјалните програми ниту затворите. Традиционалната етика заснована на христијански норми, посветени граѓани и религиозни програми (наспроти атеистичката и секуларна биоетика), се почесто ја нагласуваат критично значајната, а најчесто загубена улога на родителот во образованието, воспитувањето и севкупното здравје на децата и младината.

Опаѓањето на писменоста во развиените општества и занемарувањето на децата, стануваат повеќе парадоксални особено кога таквите богати земји финансираат и дифузираат „банки на знаење“ низ светот (програми, стипендии, фондации), или кога се посветуваат на далекусежно зачувување на отпорни и ретки семиња на планетата во складови за семиња во случај на катаклизми за човештвото. Пермакултурата и агро-екологијата ги спроведуваат своите планови и програми за одржлива агро-исхрана денес, и утре, ликвидни се „банките за храна“ наменети за гладните деца на светот, а сепак една петтина од американските средношколци не знаат да читаат.

Така, во агендите на новата агро-култура, и во актуелните преселбите на азиски и африкански народи - во западната култура на Европа и САД, се случуваат и други видови преселби за спасување на критичните видови отпорни семиња за храна во случај на катастрофи. Дел од арсеналот на таквите семиња, е преселен од тероризираната територија на Алепо, Сирија, во долината Бека во Либан.

Во чување и развој на сите генерации од човештвото и децата: и богати и сиромашни, образованието и воспитанието преку здрава диета останува предуслов за секое здраво општество кое ја препознава интегративната потреба од исхрана со интелектуално и материјално потекло. Тоа го потврдува и Црвениот Крст на Србија во својот детален и особено инструктивен „Vodic kroz zdravu ishranu dece – Zajednicki program za inkluziju romske i marginalizovane dece u obrazovannje” од 2010 година. Тоа го имаа согледано и напредните истражувачи во некогашната Џамахирија на Либија, изнесени преку состаноците на нивната Црвена полумесечина, 1979 година во Бенгази.

И покрај девалвацијата на образовните и воспитни вредности, очигледни се и примерите за напредок во образованието, науката, стандардот на живеење и здравјето, пред се кај децата и младите на светот, но се

почести се и дезинформации за здравствената политика, и во современите и во општествата во развој. Пример за деструктивен релативизам и хипокритска реконструкција се наоѓа во еден од скандалите на Белата куќа, поврзан со Мишел Обама. Пристрасно и незаконско, селективно истакнување или исфрлање на податоци во однос на успехот или неуспехот на одредена агенда за балансирана исхрана е откриено и кај првата дама на САД. Секако за тоа не пишуваат мејнстрим левичарските медиуми туку традиционалните републиканци кои се фамилијарно ориентирани. Потврдените податоци за ова ги изнесува Андру Сполдин, во својот електронски напис во Patriot Depo од 25 октомври 2015. Тој пишува за нов скандал во прикривање на реални резултати од изнасиленото диктирање на агендата на Мишел Обама наречена „Let's move". Госпоѓа Обама манипулирала со извештајот од Американската Медицинска Асоцијација АМА во тоа што наместо да дозволи да се обелодени наодот од минатата година дека стапката на намалување на дебелината кај децата е помала од претходната декада, со што би се потврдило дека нејзината агенда е неуспешна, таа одлучила да им диктира на канцелариите од „Центарот за контрола на здравјето" и Секретаријатот за Здравје и човечки ресурси, да ја издвојат од контекст само бројката на опаѓање на дебелината кај децата од 2 – 5 години, од 13.9% на 8.4%, податок кој дава лажна претстава за реалната и општа слика на здравствените состојби кај популацијата на школска возраст.

## 6. Заклучок

Темелното и здраво предучилишно и училишно образование зависи од интегрирање на менталната и материјалната диета како што образовната, социо-културолошка состојба во поодделни заедници во светот се условени од нивната економска и финансиска состојба. Економската развиеност на средината не доведува до капитализација и во образованието. Улогата на родителот во претшколскиот интелектуален и физички развој е поголема од секоја агенда за светски развој, кој не води секогаш и секаде до отстранување на неписменоста и неухранетоста.

Теоретските и емпириски сознанија укажуваат дека, и покрај хиперпродукција на учебни помагала и подобрена исхрана, сепак ниедна книга или здрав оброк, не можат да бидат инвестиција поголема од бенефитот кој равојот на детето го добива од здравата близина на родителот, и неговата непосредна вклученост во описменување, образување, воспитание и заштита од деликвенција. Спрема компаративни студии кај различни култури, најефикасниот метод за ментално, физичко и социјално здравје, и во рурални и во урбани средини, е одгледувањето на младите генерации во здрави семејни односи, со родителска љубов, независно од материјална благосостојба и економските фактори на еден хабитат.

## 7. ЛИТЕРАТУРА


1. Crveni krst Srbije, „Vodic kroz zdravu ishranu dece – Zajednicki program za inkluziju romske i marginalizovane dece u obrazovannje" од 2010 година.
2. Petrovic dr Oliver, Popovic dr Dragoslav, "Zivotne poruke o zdravlju majke I deteta", prirucnik za zdravstvene radnike i roditelje, UNICEF, Beograd, 2000
3. UNESCO Education Documentation Centre, *World Literacy at Mid-Century*, A statistical study, Published in 1957 by the United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization, 19 avenue Kliber, Paris-~Ge, Printed by Buchdruckerei Winterthur AG, Switzerland.
4. U.S. Department of Education and the National Institute of Literacy, 2015 report

6. http://www.staffingindustry.com/eng/Research-Publications/Daily-News/Bulgaria-Illiteracy-hampering-the-labour-market-29457#sthash.1oK4fX0G.dpuf

7. www.staffingindustryanalysts.com

8. www.unicef.org

9. breitlinks.com/earlyliteracy/great_links.htm

10. http://patriotupdate.com/white-house-panicked-as-damning-new-scandal-surrounds-michelle-obama/

11. www.huffingtonpost.com/.../illiteracy-rate_n_3880355...

12.http://www.novinite.com/articles/147520/Bulgaria+with+Worse+Literacy+Rate+than+Kyrgyzstan,+Tonga#sthash.Wo6mK5dx.dpuf